ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:31-268/4**

**Дата: 14.03.2011**

**ДО**
**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на приходи на буџет на дотации (930) за 2009 година на Општина Крива Паланка.

При ревизијата беше земена во предвид дадената препорака во Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2005 година и е констатирано дека состојбата е идентична и препораката не е спроведена.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на приходи на буџет на дотации (930) за 2009 година на општина Крива Паланка изразивме мислење без резерва.

Општина Крива Паланка е во втората фаза на фискална децентрализација. На оваа сметка се евидентирани трансферите од централната власт по основ на наменски дотации од областа на образованието и социјалната заштита. Средствата се користат за следните намени: основни плати и надоместоци, придонеси за социјално осигурување од работодавачите, останати придонеси од плата, комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, ситен инвентар, алат и други материјали за поправки, поправка и тековно одржување, договорни услуги, други тековни расходи и капитални расходи.
На крајот на годината, на сметката остануваат неискористени парични средства кои не се материјално значајни во однос на вкупните приходи и немаат влијание на изразеното мислење.

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

1. ____________________________
2. ____________________________

______________________

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 6 и 7 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на приходи на буџет на дотации (930) за 2009 година на Општина Крива Паланка, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи за 2005 година и за усогласеност со закони и прописи на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Крива Паланка за 2005 година во кој е изразено мислење без резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Драги Трајчевски, градоначалник до 31.03.2009 година, и
- Арсенчо Алексовски, градоначалник од 01.04.2009 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантна законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Општина Крива Паланка на сметката на приходи на буџет на дотации (930) се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот на неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на

интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4 на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.
Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена на 09.12.2010 година кај Општина Крива Паланка од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за ревизија на финансиските извештаи за 2005 година.
Општина Крива Паланка нема постапено по препораката дадена во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за ревизија на финансиските извештаи за 2005 година. Истата состојба се повторува и во 2009 година, односно на сметката на 31.12.2009 година има непотрошени средства.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија, на 15.12.2010 година.
На ден 08.02.2011 година, примени се забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор, број 12-197/5 од 30.12.2010 година од Градоначалникот на Општина Крива Паланка. Забелешките не се примени во законски утврдениот рок. Забелешките се однесуваат на точка 4.1.1. истите се разгледани и е утврдено дека делумно се прифаќаат и наодот се надополнува во правец дека дел од средствата во износ од 1.857 илјади денари се трансферирани од надлежните министерства на 31.12. 2009 година.
Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во прилог кон овој Конечен извештај.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2009 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

## 4.1. Финансиски извештаи

4.1.1. На сметката на приходи на буџет на дотации (930) на општина Крива Паланка на ден 31 декември 2009 година има неискористени средства од корисниците на наменски дотации во износ од 2.323 илјади денари, кои учествуваат со 2% во вкупните приходи. Дел од средствата во износ од 1.857 илјади денари се трансферирани од надлежните министерства на 31.12.2009 година и немало можност согласно финансиските планови да бидат до крајот на годината искористени. Неискористените средства се резултат на слабости при распределбата на средствата по корисници поради непостоење на утврдени критериуми за распределба на наменските и блок дотациите, слабости во изготвувањето на финансиските планови и ненавременото трансферирање на дотациите.

**Препорака:**
Градоначалникот да преземе активности за изготвување критериуми за распределба на средствата од наменските и блок дотациите, а советот на Општина Крива Паланка да ги разгледа и усвои изготвените критериуми.

## 5. Ревизорско мислење

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Крива Паланка на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики. Мислење за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики, по корисници, се изразува во ревизорските извештаи при ревизија на финансиските извештаи на соодветниот корисник на наменски дотации.

Скопје,01.03.2011 година

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

СМЕТКА НА ПРИХОДИ НА БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ (930)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 132.673 | 21.914 |
| **Вкупно приходи** | | **132.673** | **21.914** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.2.1. | 103.047 | 4.919 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 93 | 0 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 21.944 | 15.065 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 1.745 | 1.467 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **126.829** | **21.451** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | 3.3. | **3.521** | **0** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **130.350** | **21.451** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **2.323** | **463** |



1. ____________________________
2. ____________________________ ______________________

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**СМЕТКА НА ПРИХОДИ НА БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ (930)**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | **4.1.1.** | 2.323 | 463 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2.323** | **463** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **2.323** | **463** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | **4.2.1.** | 2.323 | 463 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **2.323** | **463** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **2.323** | **463** |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 05-360/1
03. 02 2011 год.
КРИВА ПАЛАНКА


# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 08.02.2011 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 31 | 268/1 | | |

ДО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
- Државен завод за ревизија –

С К О П Ј Е

**ПРЕДМЕТ: Доставување на забелешки по Нацрт Извештај**

**Почитувани,**

По разгледување по Нацрт-Извештајот доставен од Ваша страна под бр. 12-197/7 од 03.01.2011 година имаме неколку забелешки и тоа:

- Нацрт – Извештај на Општина Крива Паланка за сметка Основен буџет (637);

- во точка 4.2.1 исплатата на регрес за годишен одмор во вкупен износ од 540.000,00 денари, сметаме дека е заснован на Закон односно со Законот за исплата на плати оваа материја е регулирана кој што е во важност се уште, постои несогласување меѓу Законот за државни службеници и Законот за исплата на плати, значи Законодавниот дом треба да изврши усоглсување на надоместоците на плати. Покрај државни службеници во Општинската администрација се вработени и недржавни службеници, а законски основ за ваквата исплата е Одлуката за извршување на буџетот на Општина Крива Паланка за 2009 година, и предвидените средства во Буџетот за оваа намена, имаме сознание дека во текот на 2009 година кај што Заводот за државна ревизија има вршено контрола во ЕЛС кои што имаат исплатено регрес за годишен одмор не е најдена забелешка.

Присуствувајки на работилниците за подготвување на Буџетот и Завршната сметка на ЕЛС, претставници на Министерството за финансии и на Заводот за државна ревизија како експерти ни укажуваат дека регресот за годишен одмор има законски основ и истиот може да го планираме и исплатуваме со персонален данок.

- во точка 4.2.2. во став 2 е наведено дека за користење на средствата не се доставени извештај до Советот од корисниците на средства.

Сметаме дека со Годишниот извештај за користење на средствата од резервата на Општина Крива Паланка за 2009 година кој е усвоен од Советот на Општина Крива Паланка под бр. 07-824/5 од 12.03.2010 година јасно е кажано за што и како се трошени средствата.

- во точка 4.3.2. во Договорот за јавна набавка склучен под број 19-2845/1 од 01.12.2008 година за изведување на градежни работи – изградба – поплочување со камени плочи на Ул.„Илинденска“, „Ратко Миниев“, „8-ми Октомври“, „Крушевска“ и „Орце Николов“ – Крива Паланка, констатирано е дека изведувачот изврши работи повеќе од Договорто за 635.000,00 денари, а во член 3 од Договорот е наведено дека камените плочи ќе се исплатат по 250,00 денари по м2 без ДДВ додека вкупната цена и количината на камените плочи ќе се утврди со конечна пресметка, а во член 6 Економскиот оператор од Договор т работите наведени во член 2 во Договорот ќе ги изведе за вкупна вредност од 2.838.299,00 денари, додека во Пресметката е ставено само рачно вградување на камени плочи на подлога од бетон Д-5см. во поединечна од м2 од 600,00денари само за вградување кое нешто е дефинирано и од самиот Договор за јавна набавка.

- во сметката на приходи на Буџетот на дотации (930) во точка 4.1.1. каде што стои констатација дека на 31.12.2009 годинаима неискористени средства од корисниците на наменски дотации во износ од 2.323.000,00 денари како резултат на слабости при распределба на средствата по корисници, сметаме дека е неправилна таа констатација од причина што средствата во висина од 1.857.448,00 денари се дојдени на 31.12.2009 година, корисниците немаа можност истите да ги потрошат иако беа испланирани со Буџетот за 2009 година.

Ве молиме погоре наведените забелешки доколклу сметата дека се оправдани да ги земете во предвид при донесување на конечните извештај.

Со почит.

Прилог:
- Годишен извештај од Советот
- Извод бр. 163 од 31.12.2009 г.
- Договор со Предмер-пресметка

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски**

**ПРИЛОГ 2**

ОДГОВОР
на забелешки по констатациите од Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година кај Општина Крива Паланка

На Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи на Општина Крива Паланка за 2009 година на – Сметка на приходи на буџет на дотации (930) добиени се забелешки од градоначалникот на општината, кој за дел од периодот на ревизија бил одговорно лице, под број 05-360/1 од 03.02.2011 година заведени во Државниот завод за ревизија под број 31-268/1 од 08.02.2011 година.

**Забелешките не се доставени во законски утврдениот рок.**

Дадената забелешка на наодот од **точка 4.1.1. делумно се прифаќа**, и наодот се надополнува во правец дека дел од средствата во износ од 1.857 илјади денари се трансферирани од надлежните министерства на 31.12. 2009 година. Но останува констатацијата дека Советот нема донесено критериуми за распределба на наменските дотации по корисници кое има влијание на навремено и транспарентно користење на средствата.

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________